Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

Бр. 08-455/1
28.07.2020
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** Друштва за осигурување

**Предмет:** Циркуларен допис за значењето на „континуитет во осигурување"

Почитувани,

Ви се обраќаме во врска со дефинирањето на значењето на „континуитет во осигурување", во насока на обработка на пријавени штети при колективно осигурување од незгода.

Колективното осигурување од незгода е вид на осигурување кое се склучува од страна на работодавците, а осигурени се нивните вработени. Колективното осигурување се склучува за осигуреници кои може да се наведени на список во прилог на полисата, но може и без назначување на осигурениците. Вработените не се информирани за постапката на склучување на договорот за осигурување, не можат да влијаат на изборот на друштвото за осигурување и не се запознаени со условите за осигурување на друштвото за осигурување во која се осигурени од страна на работодавците.

Овој вид на осигурување се обновува од страна на работодавците од година во година, со цел обезбедување континуитет во осигурувањето, а при обновувањето може да биде избрано и различно друштво за осигурување од претходното.

Ставот на Агенцијата за супервизија на осигурување во врска со континуитетот во осигурувањето, имајќи ја предвид природата на производот колективно осигурување од незгода, како и позитивната пракса при решавање на штети е следен:

Како датум кога еден осигуреник за првпат бил примен во осигурување, се смета датумот кога за првпат е склучена полиса за осигурување од страна

**Drejtuar:** Shoqërive të Sigurimeve

**Lënda:** Qarkore për rëndësinë e "vazhdimisë në sigurime"

Të nderuar,

Ju drejtohemi lidhur me përcaktimin e rëndësisë të "vazhdimësisë në sigurime", në mënyrë të trajtimit të dëmeve të raportuara në sigurimin kolektiv nga aksidentet.

Sigurimi kolektiv nga aksidentet është një lloj sigurimi që lidhet nga punëdhënësit dhe punonjësit e tyre të cilët janë të siguruar. Sigurimi kolektiv lidhet për personat e siguruar që mund të renditen në listën, e cila i bashkangjitet policës së sigurimit, por mundet edhe pa emërtimin e të siguruarve. Punonjësit nuk janë të informuar për procedurën e lidhjes së kontratës së sigurimit, nuk mund të ndikojnë në përzgjedhjen e shoqërisë së sigurimeve dhe nuk janë të njohur me kushtet e sigurimit të kompanisë së sigurimeve në të cilën ata janë të siguruar nga punëdhënësit.

Ky lloj sigurimi rinovohet nga punëdhënësit nga viti në vit, në mënyrë që të sigurohet vazhdimësia në sigurime, ndërsa gjatë rinovimit, mund të përzgjidhet një kompani e ndryshme e sigurimeve nga ajo e mëparshmja.

Qëndrimi i Agjencisë së Mbikëqyrjes së Sigurimeve në lidhje me vazhdimësinë e sigurimit, duke marrë parasysh natyrën e produktit, sigurime kolektive nga aksidentet, si dhe praktikën pozitive në zgjidhjen e dëmeve është si vijon:

Data kur një person i siguruar u pranua për herë të parë në sigurime, konsiderohet të jetë data kur polica e sigurimit u lidh për herë të parë nga punëdhënësi, pavarësisht nga kompania e sigurimeve. Respektivisht,

на работодавецот, без разлика на друштвото за осигурување. Односно, со секое обновување на полисата за осигурување секоја година, континуитетот во осигурувањето е обезбеден.

Имајќи го предвид горенаведеното, Ве молиме, најдоцна до 31 август 2020 година, до Агенцијата за супервизија на осигурување да доставите информација дали Вашите Услови за осигурување и практичната примена на истите, се усогласени со ставот на Агенцијата.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ЕКСПЕРТИ**
Крсте Шајноски

me çdo rinovim të policës së sigurimit çdo vit, sigurohet vazhdimësia në sigurime.

Duke pasur parasysh sa më sipër, ju lutemi, brenda 31 gushtit të vitit 2020, në Agjencinë e Mbikëqyrjes së Sigurimeve të parashtroni informacion nëse Kushtet Tuaja të Sigurimit dhe aplikimi i tyre praktik janë në përputhje me qëndrimin apo pozicionin e Agjencisë.

Me respekt,

**KRYETARI I KËSHILLIT TË EKSERTËVE**
Kërste Shajnoski